

ОПШТИНА
ВАЛАНДОВО
ВИСТИНСКИОТ
ИЗБОР
ТВОЈОТ ЧОВЕК! ТВОЕТО МЕСТО! ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!
ВМРО-ДПМНЕ

ВИСТИНСКИОТ
# ИЗБОР

ТВОЈОТ ЧОВЕК! - ТВОЕТО МЕСТО! - ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!

ВМРО-ДПМНЕ

ОПШТИНА
ВАЛАНДОВО



Драги мои пријатели, соседи, сограѓани,

Секој од нас има своја приказна. Твојата почнува таму каде што чекориш секој ден – по твојата улица, низ твоето маало, во твојот град. Таму се случиле првите радости и првите таги. Таму си ги доживеал првите победи, но и првите порази. Таму си создал пријателства, семејство и спомени. Тоа е местото кое те изградило и кое те држи.

Знам дека не секогаш е лесно. И јас сум имал моменти на дилема – дали вреди? дали ќе успееме? Но секогаш, одговорот го наоѓам во луѓето што ги среќавам секој ден – во работникот што се бори чесно за лебот, во мајката што не се предава за своите деца, во младиот човек што сонува да остане тука, дома.

Оваа прва година како премиер беше година на тежина, но и на надеж. Знам дека чекате повеќе, и искрено ви велам – и јас сакам повеќе. Но најважно е дека патот е отворен. И дека веќе почнавме. Почнавме да ја враќаме довербата во државата и да ни се создава надежта дека иднината може да биде подобра.

Твоето маало, твојата општина, твојот град – тоа не се само зборови. Тоа е твојот дом. И за домот, се бори човек со сè што има.

Затоа овие избори не се само политика. Овие избори се твојата приказна. Тоа е избор за училиштето каде учат твоите деца или внуци. За паркот каде се среќаваш со пријателите. За болницата во која очекуваш грижа. За патот по кој одиш секое утро на работа. За тоа дали ќе продолжиме напред – или ќе дозволиме повторно да нè враќаат назад.

Знам што значи да имаш доверба. И знам што значи народното – „Имам свој човек". Тоа е оној што ќе ти помогне, ќе заврши работа, ќе биде покрај тебе кога ти е најтешко. Тој човек е твојот градоначалник, кој со труд, посветеност и резултати докажа дека може да се потпреш на него. Тоа е твојот човек. За твоето место, за твојата иднина.

Затоа ти велам со искрена благодарност: -твојот глас е повеќе од политичка одлу-

ка. Тој е знак дека не се откажуваме, дека веруваме, дека сакаме подобро. Секој глас е порака – дека сакаме надеж, сакаме правда, сакаме иднина тука, дома.

Драги мои луѓе,

Не ветувам дека ќе биде лесно. Но ветувам дека ќе биде вистински. Со чесност, со работа и со истрајност. Ветувам дека нема да се откажеме!

Времето на Македонија допрва доаѓа. Тоа е времето во кое секој од нас ќе каже: -да, вредеше. Вредеше затоа што имав свој човек. Вредеше затоа што моето место продолжи да расте. Вредеше затоа што имам иднина тука, во мојата земја.

Ве повикувам, замолувам, како ваш сосед, пријател, сограѓанин, излезете на овие избори, со надеж, оптимизам и непоколеблива волја, и бидете силата на промените и иднината и направете го Вистинскиот избор!

Со Твојот човек.

За Твоето место.

За твојата иднина!

Со благодарност и надеж,

Христијан Мицкоски



Драги сограѓани,

Општина Валандово е наш дом, нашето заедничко место, срцето на југоистокот кое заслужува да расте, да се развива и да им овозможи на сите граѓани достоинствен живот. За жал, изминатите години видовме како можностите се пропуштаа, а Општината стоеше во место. Наместо развој и модернизација, добивме стагнација, непромислени одлуки и неискористен потенцијал.

Последните години видовме како потенцијалот што го има нашата Општина остана заробен во партиски калкулации и недомаќинско управување. Граѓаните заслужуваат повеќе од празни ветувања, тие заслужуваат дела што ќе ја променат секојдневната реалност.

Јас влегувам во оваа трка за градоначалник со јасна цел, да ја направиме Општина Валандово место во кое младите ќе ја гледаат својата иднина, земјоделците ќе добијат вистинска поддршка, а секој граѓанин ќе се чувствува сигурен, почитуван и вреднуван.

Да го направиме Валандово општина со развиена економија, вистински услови за живот за секое семејство, со транспарентна и функционална локална власт која ќе работи во служба на граѓаните.

Со одговорно, чесно и посветено работење да го вратиме Валандово на вистинскиот пат преку развој на локалната економија, инфраструктурни проекти, подобра животна средина, транспарентно трошење на буџетот, грижа за младите и возрасните, социјално ранливите и за секој еден граѓанин.

Еден од првите крупни проекти што го предлагаме е изградбата на модерен систем за управување со водоснабдувањето и систем за одведување на отпадни и атмосферски води во целата Општина. Овој проект ќе биде темел врз кој ќе градиме подобри услови за живеење.

Но ова е само почеток.

Ќе вложиме во нови и реконструирани улици, современи училишта и спортски сали, нови паркови и детски игралишта, во дигитализација на општинските услуги и во поддршка на бизнисите и земјоделството.

Ќе создадеме услови за енергетски ефикасна и зелена општина, која ќе биде пример за развој и европски стандарди.

Време е Валандово да стане општина што не заостанува, туку оди напред.

Општина што не дели, туку обединува.
Општина што ќе биде повторно твоја!

Искрено,

Ѓоко Камчев

# КАНДИДАТИ ЗА СОВЕТНИЦИ

1. Марија Чурлинова - носител на листа
2. Момчило Павлов
3. Мартин Мишков
4. Данче Ѓоргиева
5. Ивана Танчева
6. Перо Наков
7. Донатела Пејовска
8. Томче Наков
9. Гордана Матеева
10. Радомир Лазаревиќ
11. Серафим Керамичиев
12. Марија Зајкова
13. Кристијан Тенекеџиев
14. Славе Станисавовски
15. Бојана Трајкова



# ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ ЗА СИТЕ ЛУЃЕ

Општината е темелната институција во која секој граѓанин очекува сигурност, стабилност и квалитетен живот. Затоа приоритетите што ги поставуваме не се декларативни, туку насочени кон конкретни области каде што граѓаните секојдневно ги чувствуваат потребите и предизвиците.

## Модерен систем за водоснабдување, систем за одведување на отпадни и атмосферски води

Водоснабдувањето и системите за одведување на отпадни и атмосферски води се од клучно значење за здравјето на граѓаните и за квалитетот на животот во Валандово и населените места. За жал, многу од нашите населени места се соочуваат со сериозни проблеми со водоснабдувањето, оштетени цевководи и несоодветни системи за водоснабдување. Нашата цел е да обезбедиме современа и стабилна мрежа за водоснабдување што ќе обезбеди постојано, квалитетно и безбедно водоснабдување во сите населени места, модернизација и изградба на канализациската мрежа (фекална и атмосферска) и редовно одржување и контрола на канализацискиот систем. Со реална посветеност и плански пристап ќе ги решиме проблемите со водоснабдувањето и канализацијата кои долго време ги оптоваруваат нашите населени места, а граѓаните ќе имаат можност редовно да бидат информирани за состојбата на инфраструктурата и вложените средства, преку отчетни средби и комуникација.

## ПРОЕКТ: Решавање на проблемот со водоснабдувањето во населените места: Удово, Јосифово и Горна Мала

- Изработка на физибилити-студија за изнаоѓање на соодветни водоснабдителни тела (каптажа, бунарско поле, тиролски зафат) и разработка на повеќе варијанти на техничките решенија на системот.
- Изработка на урбанистичка и проектна документација.
- Изградба на водоводниот систем во фази.

## ПРОЕКТ: Реконструкција на водоводните мрежи во сите населени места во Општина Валандово.

- Изработка на техничка документација за реконструкција на секундарната водоводна мрежа во градот Валандово и во населените места Брајковци, Балинци, Марвинци, Грчиште, Раброво, Собри, Чалакли, Дедели и Башибос.
- Реконструкција на секундарните водоводни мрежи во фази.

## ПРОЕКТ: Целосно завршување на системот за водоснабдување на населеното место Калково.

- Изградба на каптажа, доводен цевковод и секундарна мрежа.

## ПРОЕКТ: Решавање на проблемите со атмосферските води

- Изработка на техничка документација (урбанистички и основен проект) за системи за одведување на атмосферските води од населените места Валандово, Пирава, Јосифово и Удово.
- Овие планско-технички документи ќе ги користиме во изградбата и реконструкцијата на предвидените улици во овие населени места.

## ПРОЕКТ: Изградба на канализациски системи во Чалакли, Собри, Дедели и Грчиште.

- Проектот ќе се реализира во две фази. Во првата фаза ќе биде изработката на техничката документација, а во втората фаза ќе биде реализирана изведбата на системите на одведување на отпадните води во споменатите населени места.



# УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД И ЈАВНА ЧИСТОТА

Во едно современо и одговорно општество, јавната чистота и ефикасното управување со отпадот се едни од основните предуслови за квалитетен живот и здрава животна средина. Во последните години, Општина Валандово се соочува со низа предизвици поврзани со нерегуларно собирање и управување со отпад, појава на диви депонии, запуштени јавни површини и недоволна опременост на комуналните служби, коишто ја нарушуваат сликата за градот и квалитетот на животот на граѓаните и носат директни последици по јавното здравје. Нашата програма има за цел воспоставување на ефикасен, одржлив и транспарентен систем за управување со отпадот, подобрување на јавната чистота во Валандово и околните места и создавање култура на одговорност и грижа за заедничкиот простор што е заедничка вредност на сите граѓани.

## ➤ ПРОЕКТ: Модернизација на комуналната служба

- Набавка на нови возила и садови за отпад.
- Набавка на модерна механизација за одржување на јавната чистота.
- Зголемена фреквенција на чистење и одржување на јавни површини, тротоари, зелени појаси и редовно миење на улици.
- Дигитализација на системот за собирање отпад со утврдени и транспарентни термини за собирање.

## ➤ ПРОЕКТ: Селекција и рециклажа на отпад

- Воспоставување на пунктови за селекција и собирање секундарни суровини.
- Поддршка за мали бизниси што се занимаваат со рециклажа.

## ➤ ПРОЕКТ: Акции за подигање на јавната свест

- Образовни кампањи во училиштата и градинките, со организирање на едукативни работилници.
- Месечни еко-акции со учество на граѓани за чистење на јавни простори, паркови.
- Кампања на социјални мрежи со видеоклипови од локални личности, млади и активисти што зборуваат за важноста на јавната хигиена, објави со совети за правилно одложување на отпад и повици за учество во еко-настани.
- Мобилна апликација каде што граѓаните ќе имаат можност да пријавуваат локации со неправилно одложен отпад, нефункционални контејнери и други проблеми.



# ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ УЛИЦИ И ПАТИШТА

Современата инфраструктура е темелот на развој на секоја општина. Квалитетот на локалните улици и патишта во нашата општина директно влијае врз секојдневниот живот на граѓаните, безбедноста во сообраќајот, пристапот до образовните и здравствени услуги и економските активности особено во земјоделските и руралните средини. Во последните години, голем број локални патишта во урбаното и руралното подрачје на Општината се во незадоволителна состојба – оштетени коловози, недостасува сигнализација, недоволна дренажа и несоодветно одржување. Затоа, потребен е системски и долгорочен пристап, базиран на реални потребни.

- Изработка на техничка документација за реконструкција и рехабилитација на постојните и дотраени локални патишта и улици.
- Изградба на нови улици и локални патишта.
- Приоритетна изградба на улици во населените места каде досега не постоела соодветна патна инфраструктура.
- Целосна реконструкција на оштетени улици.
- Реконструкција на постојни улици со оштетен асфалт, дупки, слаба дренажа или нефункционален тротоар.
- Употреба на квалитетни и долготрајни материјали за издржливост и помали трошоци во иднина.
- Уредување и одржување на пристапни земјоделски патишта.
- Воспоставување редовна динамика за санирање на ударни дупки.
- Одржување на елементите на патиштата како: банкини, берми и канали за одводнување.
- Зимско одржување.
- Подобрување на сообраќајната сигнализација и безбедност.
- Обновување и поставување на сообраќајни знаци, хоризонтална сигнализација и средства за забавување на сообраќајот на критични точки.
- Подобрување на осветлувањето на клучни сообраќајници, особено кај училишта, јавни објекти и раскрсници.

## Формирање на ново јавно претпријатие

Подобрување на квалитетот, ефикасноста и координацијата на јавните услуги низ цела Општина Валандово преку формирање на современо и одговорно јавно претпријатие кое ќе биде надлежно за:

- Јавно осветлување.
- Одржување, замена и проширување на улично осветлување во сите населени места.
- Брза интервенција при дефекти преку отворена линија за пријави.
- Одржување на зелени површини.
- Редовно косење, садење и уредување на тревници, дрвореди и паркови.
- Управување со јавен превоз.
- Организација и управување со редовни линии на јавен превоз до сите населени места во Општината.
- Управување со новата зона за паркирање на тешки товарни возила во „Индустриска зона Раброво“ и решавање на несоодветното паркирање на тешки товарни возила во населените места со обезбедено паркирање со надзор, тоалети/тушеви и осветлување и воведување на веб-страница за резервација на место за паркирање и преглед на слободни капацитети.
- Редовно и навремено одржување на локални патишта и улици.
- Набавка на опрема и возила.
- Одржување на спортски терени во Општината.



# ЗЕЛЕНА И ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНА ОПШТИНА

Во времето кога последиците од климатските промени се поочигледни, а цената на енергенсите расте, општините мора да станат активни чинители во борбата за почиста, поекономична и поодржлива животна средина. Нашата визија за Општина Валандово е визија за зелена, чиста и енергетски ефикасна општина, која ќе биде пример за одговорно и паметно управување со природните ресурси. Општина Валандово има потенцијал да стане општина што штеди енергија и ја штити природата преку рационално користење на јавните ресурси, примена на обновливи извори на енергија, како и преку масовно зеленило. Во нашата програма предвидуваме:

## Енергетски ефикасни општински објекти

- Општинските објекти не се само административни и јавни простори, туку и директен показател за грижата на локалната самоуправа кон заедницата и околината.

## Зголемување на зелените површини и урбаното зеленило.



# НОВИ ПАРКОВИ И ДЕТСКИ ИГРАЛИШТА ВО СЕКОЈА НАСЕЛБА

Секоја населба заслужува да има чисто, безбедно и уредено место за одмор, дружење и игра. Парковите и детските игралишта се срцето на секоја заедница, место каде се поврзуваат генерации, се гради заедништо и се негува здрав животен стил. Преку буџетот на Општината, фондови од Министерството за локална самоуправа и животна средина, ИПА-фондови за рурален развој и урбан живот на ЕУ, програми преку Министерството за труд и социјална политика за инклузивни јавни простори, ќе овозможиме:

- **Изградба на нови паркови и зелени површини со урбано уредување со зеленило, клупи, патеки и осветлување и корпи за отпадоци.**
- **Изградба на безбедни и функционални детски игралишта со поставување на заштитни огради, подлога против повреди, лулашки, тобогани и рампи и адаптирани реквизити пристапни за деца со попреченост.**
- **Мултифункционални спортски игралишта во поголемите населени места - изградба и обновување на спортски терени, осветлување за користење во вечерни часови, можност за организирање турнири, училишни спортски денови и локални натпревари.**
- **Реконструкција на постојни игралишта и паркови.**
- **Замена на дотраени реквизити.**
- **Поставување на урбана опрема (клупи, чешми, корпи).**
- **Редовно одржување.**

# Детска заштита

Грижата за децата не е само законска обврска, туку морална и човечка должност. Локалната самоуправа има важна улога во создавање услови за безбедно, здраво и среќно детство. Во Валандово ќе изградиме системски пристап кој ќе овозможи секое дете – без разлика каде живее, какво е неговото семејство или социо-економска состојба, да добие фер шанса за среќно детство.

- **Изградба на нови детски градинки.**
- **Набавка на современа опрема и реквизити за подобра настава во градинките.**
- **Набавка на генератори на струја за континуирана и безбедна грижа за најмалите.**
- **Едукација и постојана обука за воспитувачите и останатиот персонал.**



# МОДЕРНО И СОВРЕМЕНО ОБРАЗОВАНИЕ

Образованието претставува основа на секој одржлив развој - општествен, економски и културен. Образованието е темелот врз кој се гради секое општество. За Валандово да биде напредна и праведна општина, мора да инвестираме во современ и квалитетен образовен систем – систем што нема улога само да пренесува знаење, туку да гради вредности, критичко мислење и животни вештини. Денешните генерации млади се соочуваат со брзи технолошки промени, економска несигурност и социјални нееднаквости. Затоа, потребно е образование што одговара на времето во кое живееме, но и на иднината што ја сакаме. Нашата визија за Валандово вклучува:

- **Реконструкција на училиштата во Удово, Брајковци и Марвинци.**
- **Уредување на дворните места во училиштата.**
- **Изградба и реконструкција на спортски терени.**
- **Воведување на модерни алатки во образовниот процес.**
- **Социјална инклузија во образованието.**
- **Редовни обуки и усовршување на наставниот кадар.**



# КУЛТУРА

Културата не е луксуз - таа е идентитет, традиција и креативна енергија на секоја заедница. Општина Валандово со својата богата историја, фолклор, музичко и литературно наследство, заслужува силна и видлива културна политика што ќе ги зачува вредностите од минатото, но и ќе создаде нови, современи форми на културен израз. Во време кога младите сè повеќе се отуѓени од културни настани, а уметниците се борат за простор, поддршка и публика, локалната самоуправа има обврска да биде активен партнер и двигател на културниот живот. Нашата цел е Општина Валандово да прерасне во отворена, културно богата општина, каде секој граѓанин ќе има пристап до културни содржини, ќе може да учествува и да создава. Во нашата програма предвидуваме:

- **Реконструкција на културните домови во Удово и Јосифово.**
- **Изградба на фестивалска сала во Чалакли.**
- **Енергетско ефикасни културни објекти со вградени современи системи за греење и ладење.**
- **Отворање музеј во Валандово.**
- **Организација на општинско културно лето.**
- **Континуирана поддршка за културно-уметничките друштва и фолклорните ансамбли.**
- **Отворање на културно-едукативен центар во Домот на културата „25-ти Мај“.**
- **Нов концепт во организирањето на постојните традиционални манифестации во Општина Валандово.**



# СПОРТ

Спортот е многу повеќе од физичка активност – тој е сила што гради карактер, негува здрави навики и обединува луѓе. Историјата на спортот во Општина Валандово е богата со клубови, ентузијазам и таленти. Но, денес реалноста покажува дека многу спортски капацитети се запоставени, младите спортуваат во сѐ помал број, а поддршката за клубовите често е недоволна и несистемска. Нашата визија за спортот во Општина Валандово е спорт што започнува од училиште, но продолжува и надвор од него, спорт што ги поттикнува талентите, спорт што се негува еднакво во градот и во населените места и што ги обединува различните заедници преку фер натпревар и почит. Затоа во оваа програма предвидуваме системски пристап за развој на спортот во Општина Валандово преку:

- **Континуирана поддршка на сите спортски клубови во Општината.**
- **Реконструкција и одржување на спортските терени во Општината.**
- **Годишен спортски календар на настани и турнири.**
- **Општинско спортско лето.**
- **Промоција на рекреативен спорт и здрава животна навика, преку пешачки патеки, велосипедизам и групни тренинзи.**
- **Изградба на паркови за фитнес.**
- **Поставување вештачка карпа за спортски алпинизам.**

# ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Економски развој не е само статистика или бројки – тоа значи работни места, стабилни приходи, можности за младите и живот со достоинство за сите граѓани. За Општина Валандово, економскиот развој треба да биде главен двигател на локалниот напредок, а не споредна тема во политиките. Нашата општина располага со огромен потенцијал – поволна клима и географска положба, земјоделството како основна гранка, човечки капитал, близина до граници и транспортни коридори. Но реалноста покажува дека овој потенцијал не е доволно искористен. Младите се иселуваат поради недостиг на локални можности, малите бизниси се соочуваат со административни и пазарни пречки, а многу ресурси остануваат нефункционални или запоставени. Нашата цел е јасна: да изградиме економски стабилна, самостојна и амбициозна општина, каде граѓаните ќе имаат услови да работат, да создаваат и да останат тука. Поради сево ова, нашиот пристап кон економскиот развој вклучува:

- **Активна поддршка на стопанските субјекти.**
- **Развој на агроиндустријата.**
- **Промотивна кампања за привлекување инвеститори.**
- **Изработка на стратегија за локален економски развој во транспарентна постапка со вклученост на граѓаните и на бизнис-секторот.**

# МОБИЛНОСТ И ЈАВЕН ПРЕВОЗ

Во Општина Валандово, мобилноста и јавниот превоз сè уште се сериозен предизвик. Недоволна поврзаност меѓу населените места, немањето јавен превоз, лоша патна инфраструктура и целосна зависност од лични возила ја прават секојдневната мобилност скапа, несигурна и нееднаква. Наша цел е да изградиме локален транспортен систем што ќе биде достапен, ефикасен и прилагоден на потребите на граѓаните. Со развојот на јавниот превоз и алтернативните облици на мобилност, ќе постигнеме подобра поврзаност на населените места, намалување на загадувањето и сообраќајниот метеж. Нашата визија е Општина Валандово да стане општина што се движи – брзо, сигурно, чисто и достапно за сите.



# РАЗВОЈ НА ЛОКАЛЕН ТУРИЗАМ

Општина Валандово е општина со природни убавини, културно наследство, традиции и гостољубиви луѓе – но сè уште не е доволно препознаена како туристичка дестинација. Тоа не е затоа што нема што да понуди, туку затоа што туризмот не бил стратегиски развиван и поддржан како што заслужува. Со правилна визија, локалниот туризам може да стане нова економска можност за граѓаните, поддршка за земјоделството и малите бизниси и начин за афирмација на културното и природното богатство. Нашата цел е да изградиме одржлив, модерен и автентичен туризам што ќе ги поврзе локалната храна и вино, културно-историските споменици и локалитети (археолошки наоѓалишта – Стакина Чешма, Исар Марвинци, Исар Кула и др.) и богатото народно наследство (фолклор, манифестации, музика). Во оваа програма предвидуваме промоција на културните, природните и археолошките богатства на Општина Валандово преку изградба на музеј, подигнување на нивото на традиционалните манифестации и нови туристички патеки.



# СОЦИЈАЛНА ГРИЖА ЗА СИТЕ

Општеството е силно онолку колку што се згрижени најранливите. Визијата за развој на Општина Валандово не може да биде комплетна без јасна и одговорна социјална политика што гарантира поддршка, заштита и еднакви можности за сите граѓани. Во време на економска неизвесност, социјалната грижа не е трошок – туку инвестиција во достоинството на човекот и квалитетот на заедницата. Општината мора да биде партнер на граѓаните, а не само администратор. Општина што ќе гради социјална правда, човечност и солидарност, каде што секој ќе знае дека не е сам кога му е најтешко. Нашата визија за Општина Валандово е општина која не остава никого зад себе. Затоа се залагаме за:

- **Поголема функционалност на дневниот центар за деца со попреченост.**
- **Мобилни тимови за поддршка и советувалишта за ментално здравје.**
- **Пензионерски клуб во секое населено место.**

## Поддршка и инклузија на лицата со попреченост- достоинствен живот за сите

Лицата со попреченост и нивните семејства се важен дел од нашата заедница. Тие се соочуваат со низа предизвици, висок степен на изолираност и социјален ризик, поради што им е потребна континуирана помош и поддршка во сите сегменти од нивниот развој и живеење.

Како иден градоначалник, една од моите најважни цели ќе биде подобрување на квалитетот на живот на лицата со попреченост и нивните семејства во општина Валандово.

На територијата на општина Валандово постои Дневен ценатр за лица со попреченост, но реалноста покажува дека неговите просторно – технички капацитети, кадровска екипираност и содржини не одговараат на моменталните реални потреби на лицата. Затоа, се обврзувам прво како ваш сограѓанин, а потоа како иден градоначалник да преземам конкретни чекори за унапредување на условите и создавање подобра инклузивна средина.

## 1. Проширување и модернизација на постоечкиот Дневен центар

- Зголемување и проширување на просторните капацитети преку обезбедување нови, функционални простории, целосно прилагодени на потребите на корисниците. Со оглед на тоа што постојниот простор е ограничен и недоволен, неопходно е обезбедување на адекватна, достапна и безбедна средина што ќе овозможи поквалитетна услуга и поголема инклузивност.
- Вработување на соодветен стручен кадар вклучувајќи специјален едукатор и рехабилитатор, логопед, психолог, педагог,
- со цел обезбедување квалитетна, стручна и индивидуализирана поддршка на корисниците во Дневниот центар. Ангажирањето на мултидисциплинарен тим е клучно за севкупниот развој и психосоцијална поддршка на лицата со попреченост.
- Обезбедување на современи дидактички материјали, нагледни средства и опрема, кои ќе придонесат за поквалитетна и поефикасна работа со корисниците, согласно нивните проценети потреби и индивидуализиран пристап.

**Дневниот центар** има клучна улога не само во обезбедувањето на дневен престој и привремена грижа за лицата со попреченост, туку и како значајна поддршка за нивните семејства. Со овозможување безбедна и стимулациска средина за корисниците, Дневниот центар во исто време придонесува и за растеретување на родителите/старателите/згрижувачите да добијат време и можност за вработување, одмор или завршување на секојдневни обврски. Ова претставува важен чекор кон поголема инклузија, поддршка и грижа за сите чинители вклучени во овој процес на функционирање и живеење.

## 2. Работно оспособување на лицата со попреченост

Работното оспособување на лицата со попреченост претставува основа за нивна поголема самостојност, вклученост и активно учество во заедницата. Обезбедувањето на можности за стекнување на вештини, знаења и работни навики овозможува овие лица полесно да се интегрираат на пазарот на трудот, со што се подобрува нивниот квалитет на живот и се намалува социјалната изолација.

- Изработка и спроведување програма за работно оспособување

  Ќе иницирам креирање и имплементација на специјализирана програма за работно оспособување, прилагодена на индивидуалните можности, интереси и потреби на лицата со попреченост.

- Поттикнување на можности за вработување преку соработка со бизнис секторот

  Ќе работам на воспоставување на партнерства со општинските служби и локалните компании со цел отворање можности за практична работа, пробно вработување или трајна работна ангажираност, како и соодветно работно опкружување прила-

годено на потребите на лицата со попреченост.

## 3. Изградба и поддршка на мали групни домови за лица со попреченост

Малите групни домови претставуваат современ и хуман модел на живеење на лицата со попреченост, кој овозможува нивна подобра социјализација и интеграција во заедницата, самостојност и личен развој. За разлика од традиционалните институции, овој модел обезбедува дом во кој корисниците живеат во помали групи, во средина што наликува на семејна, со соодветна поддршка и грижа согласно нивните потреби и можности.

- Изградба и адаптација на објекти за мали групни домови

  Ќе се залагам за иницирање на изградба или адаптација на објекти во рамки на општината, кои ќе бидат прилагодени за сместување на мали групи на лица со попреченост (4-6 корисници).

- Функционирање со поддршка на стручни служби

  Малиот групен дом ќе функционира со поддршка на стручен тим (социјален работник, специјален едукатор и рехабилитатор, психолог, негуватели), кој ќе обезбедува континуирана грижа и психосоцијална поддршка, без нарушување на приватноста и самостојноста на корисниците.

- Поддршка од општината и локалната самоуправа

  Ќе работам на обезбедување на финансиска и логистичка поддршка за одрживо функционирање на малиот групен дом, преку соработка со Министерството за социјална политика, демографија и млади и релевантни домашни и меѓународни невладини организации.

## 4. Организација на инклузивни, културни и спортски активности

Културните и спортските активности играат значајна улога во развојот и социјалната инклузија на лицата со попреченост. Преку учество на настани кои се достапни, прилагодени и поддржувачки се поттикнува нивната самодоверба, социјална поврзаност и активно вклучување во заедницата. Истовремено, ваквите активности влијаат позитивно и врз општата јавност, преку рушење на предрасудите и градење инклузивно општество.

- Организација на инклузивни спортски настани:

  Планирам организирање на спортски активности и натпревари со вклучување на лица со и без попреченост. Настаните ќе бидат прилагодени на различните способности и ќе се реализираат во соработка со спортски клубови, училишта и здруженија.

- Инклузивни културни манифестации

  Организирање на културни настани – изложби, драмски претстави, музички настапи и креативни работилници – со активно учество на лицата со попреченост, како учесници и креатори на содржини. Целта е да се даде видливост на нивните таленти и да се подигне свеста за нивните можности.

- Соработка со институциии и организации

  Ќе работам на поврзување и соработка со културни установи, спортски здруженија и невладини организации за создавање на заеднички инклузивни програми и настани, достапни за сите категории граѓани.

## 5. Формирање на советодавно тело за инклузија

Формирањето на советодавно тело за инклузија претставува важен чекор кон подобро планирање и унапредување на политиките и услугите насочени кон лицата со попреченост. Ваквото тело обезбедува простор за соработка помеѓу локалната самоуправа, институциите, здруженијата и самите корисници, со цел креирање инклузивни решенија базирани на реалните потреби на заедницата.

- Формирање на советодавно тело при општината или соодветна установа

  Тимот ќе биде составен од претставници од општината, образовни и социјални институции, здруженија на лица со попреченост, родители и други релевантни чинители.Соработката меѓу овие чинители ќе обезбеди стручна поддршка, практични препораки и следење на спроведувањето на инклузивни активности. Советодавното тело ќе има задача да предлага мерки и активности за подобрување на инклузивноста на локално ниво, да го следи спроведувањето на услугите, да дава препораки за нови иницијативи и да поттикнува подобра координација меѓу институциите и заедницата. Учеството на лицата со попреченост и на нивните семејства во ова советодавно тело, ќе биде потврда на мотото „ништо за нас, без нас"

## 6. Поддршка за семејствата на лицата со попреченост

Семејствата се носители на голем дел од грижата и поддршката во секојдневниот живот на лицата со попреченост. Затоа е неопходно да им се овозможи континуирана психосоцијална, информативна и стручна поддршка преку формирање на советувалишта и организирање на едукативни и психо-социјални работилници.

- Формирање на советувалишта

  Во рамки на социјалните служби, дневните центри или други релевантни институции, ќе се воспостават советувалишта каде семејствата ќе можат да добијат стручна помош и поддршка. Советувалиштата ќе обезбедат индивидуални и групни сесии, со цел справување со секојдневниот стрес, прифаќање на состојбата и

зајакнување на емоционалната стабилност на родителите.

- Организирање на работилници

  Редовно ќе се организираат работилници на теми прилагодени на потребите на корисниците и нивните семејства, кои ќе овозможат размена на искуства, меѓусебна поддршка и практични знаења.


Lorem ipsum dolor sit amet

# ВОВЕДУВАЊЕ НА ВЕШТАЧКА ИНТЕЛЕГЕНЦИЈА И ДИГИТАЛИЗАЦИЈА ВО ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА ОПШТИНАТА

Во 21-от век, модерна општина значи ефикасна, транспарентна и достапна локална власт, која знае да ги користи дигиталните алатки за да им служи подобро на своите граѓани. За Општина Валандово да чекори напред, неопходно е да се направи вистински исчекор на вештачката интелигенција во секојдневното работење на општинската администрација. Ова не значи само компјутери и Интернет – туку паметни решенија што ќе ја поедностават секоја административна постапка, ќе ја намалат бирократијата, ќе ја зголемат ефикасноста на службите и ќе овозможат 24/7 пристап до општински услуги – од дома, од мобилен или од каде било. Преку дигитализација и воведување на вештачка интелигенција ќе овозможиме:

## ➤ Портал Е-Општина

- Воведување на портал „Е-општина" за дигитални услуги (пријави, плаќање, вадење потребна документација).

## ➤ Апликација „Мое Валандово"

- Креирање на апликација каде граѓаните ќе можат да ги пријават своите проблеми со GPS и слика (препознавање на проблеми од фотографија - оштетен пат, диви депонии).

## ➤ Зони со бесплатен безжичен Интернет (Free WI-FI зони)

Покривање на повеќето јавни површини со бесплатен пристап до безжичен Интернет или Free WI-FI зони.

## ➤ Информативни табли за јавен превоз, културни настани и соопштенија.

## ➤ Chatbot на општински вебсајт за чести прашања (како да извадам документ, кога е рок за плаќање на данок, кој е контакт лице за...).

# БЕЗБЕДНА ОПШТИНА И УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ

Основна должност на секоја општина е да обезбеди безбедност, сигурност и брза реакција при кризни ситуации. Општина Валандово мора да биде општина во која граѓаните се чувствуваат заштитени – и во секојдневниот живот, и во вонредни услови. Од поплави и пожари до сообраќајни незгоди, пандемии или технички дефекти – бројни се ризиците со кои една општина може да се соочи. Но она што ја разликува успешната општина е способноста за брзо и организирано да реагира, да превенира и да го заштити населението. Нашата визија е Општина Валандово да стане општина што не реагира со задоцнување, туку делува навремено, координирано и професионално. Безбедноста не смее да биде случајност – таа мора да биде резултат на планирање, вложување и постојано подобрување. Безбедна општина значи спокој за граѓаните, стабилност за инвеститорите и подобар квалитет за живот на сите. Затоа во оваа програма предвидуваме:

- **Решение за безбеден сообраќај.**
- **Надзор и одржување на атмосферските одводни канали.**
- **Поставување на термална камера за рана детекција од пожари.**
- **Управување на поплави со помош на вештачка интелигенција.**
- **Набавка на модерна опрема за ТППЕ Валандово.**
- **Набавка на потребна механизација.**

# ИЗРАБОТКА И ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ И УРБАНИСТИЧКО-ПРОЕКТНИ ДОКУМЕНТАЦИИ

Урбанистичкото планирање претставува темел на развојот на секоја општина, основата врз која се гради иднината на секое модерно и функционално општество. Без јасна, стратегиска и долгорочна урбанистичка визија, секој друг развоен процес – економски, социјален или еколошки, останува нецелосен и нефункционален. Во изминатите години, граѓаните на Општина Валандово беа сведоци на спонтана и често непромислена урбана експанзија, недоволни транспарентни постапки при донесување на урбанистички планови и отсуство на долгорочна визија за просторното уредување на населените места. Тоа резултираше со лошо искористени јавни простори, неусогласенот на сообраќајната инфраструктура, недостиг од паркиралишта и зелени површини, како и несоодветни услови за домување и развој на стопанството. Во нашата визија за Општина Валандово, урбанизмот не е само алатка за изградба – туку стратегија за подобрување на квалитетот на живот, создавање функционални простори и зачувување на културното и природното наследство. Затоа, во рамки на нашата програма предвидуваме:

- **Донесување урбанистички планови за сите населени места за кои воопшто нема на сила важечки урбанистички планови.**
- **Донесување детални урбанистички планови за урбаните блокови во градот Валандово.**
- **Изработка на урбанистички проекти за планираните инфраструктурни објекти предвидени со оваа програма.**
- **Поддршка на заинтересираните инвеститори за донесување на урбанистички проекти за реализација на гринфилд-инвестиции.**

# ИДЕИ ОД ГРАЃАНИ

## ПРОЕКТ: „УРЕДЕНА УЛИЦА – УБАВА ОПШТИНА“

Граѓаните бараат уредување на локалните улици, тротоари и јавни површини. Проектот предвидува реконструкција на дотраени патишта, поставување нови тротоари со пристап за лица со попреченост, обележување на пешачки премини и поставување ново енергетско ефикасно улично осветлување. Дополнително, ќе се воведе систем за редовно одржување на улиците за да не се дозволи повторно нивно пропаѓање. Очекуван ефект: безбедно движење за сите граѓани, урбана средина која потсетува на европски стандарди, поголема гордост на жителите за нивната општина.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: „ЗЕЛЕНА ОПШТИНА“

Граѓаните предлагаат Општината да вложува повеќе во озеленување и уредување на јавни површини. Проектот вклучува засадување нови дрвореди по улиците, реконструкција на постојните паркови и изградба на нови зелени оази во урбаните населби. Ќе се постават клупи, жардинери и фонтани, а дел од парковите ќе бидат опремени и со зони за фитнес на отворено. Очекуван ефект: почист воздух, поубава и поздрава средина за живеење, поголемо користење на јавните простори од страна на младите и семејствата.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: „ИГРАЛИШТЕ ЗА СЕКОЈА НАСЕЛБА“

Многу родители бараат Општината да инвестира во нови и модерни детски игралишта. Проектот предвидува изградба на најмалку едно игралиште во секоја населба, со современа опрема, безбедносни подлоги, огради и осветлување. Игралиштата ќе бидат простор и за социјализација на децата и за дружење на родителите. Очекуван ефект: здрава и безбедна забава за децата, подобри услови за нивно физичко и психосоцијално развивање, задоволни родители и заедници.

**Рок:** 2026.

## ПРОЕКТ: „ЧИСТА ОПШТИНА – МОЈА ГОРДОСТ“

Граѓаните укажуваат дека чистотата и управувањето со отпад е еден од најважните предизвици. Проектот ќе вклучи поставување нови контејнери за селекција на отпад (пластика, стакло, хартија), воведување редовен распоред за собирање смет, како и организирање заеднички акции за чистење со учество на ученици, спортски клубови и здруженија. Очекуван ефект: почиста и поуредна општина, зголемена еколошка свест кај граѓаните, подобрена животна средина за сите.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: „БЕЗБЕДНА ОПШТИНА“

Граѓаните често бараат подобра безбедност на јавните места. Проектот предвидува поставување на видеонадзор на клучни локации (плоштади, училишта, паркови), подобрување на пешачките премини со дополнителна сигнализација и поставување на успорници (лежечки полицајци) околу училиштата за регулирање на сообраќајот. Ќе се работи и на подобра координација со локалната полиција за превенција на сообраќајни несреќи и вандализам. Очекуван ефект: поголема сигурност за децата и возрасните, намалување на криминалот и вандализмот, создавање чувство на безбедна заедница.

**Рок:** 2027.

## ПРОЕКТ: „КУЛТУРЕН МОЗАИК“

Граѓаните сакаат повеќе културни содржини достапни за сите. Проектот подразбира организација на летни концерти, театри на отворено, уметнички изложби и книжевни вечери во локалните културни домови или јавни простори. Општината ќе отвори и конкурси за поддршка на млади уметници и културни здруженија. Очекуван ефект: побогат културен живот, поголема вклученост на младите во културата, развој на општината како културна дестинација.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: „СПОРТ ЗА СИТЕ“

Граѓаните предлагаат Општината да организира редовни спортски турнири (фудбал, кошарка, одбојка) и бесплатни рекреативни активности за сите генерации – од часови по фитнес во паркови до планинарски акции и велосипедски тури, како и организирање на летна школска олимпијада каде учениците и во текот на летниот годишен одмор ќе имаат занимација и можност да ги докажат своите таленти.

Очекуван ефект: промоција на здрав живот, подобрување на заедништвото, развој на спортската култура.

**Рок:** континуирано.

ВМРО-ДПМНЕ